**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Архивски бр.: 09 – 35/7
Датум: 05.07.2018

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје го издава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален урбанистички план Градска четврт И 03-локалитет **Мирче Мацан**, Општина Центар-Скопје, дека Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе Решение за организирање на

**ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО НАЦРТОТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ И 03-ЛОКАЛИТЕТ МИРЧЕ МАЦАН, ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

Границата на опфатот е дефинирана:

на **североисток** по оската на ул.„Трета Македонска бригада";
на **југоисток** по оската бул.„Крушевска Република";
на **југозапад** по оската на ул.„11-ти Октомври";
на **северозапад** по оската на бул.„Кочо Рацин".

Вкупната површина опфатена со опишаните граници изнесува 9,34 ха.

**Повторната јавна презентација** на Нацрт-Детален урбанистички план Градска четврт И 03-локалитет Мирче Мацан, Општина Центар – Скопје, **ќе се одржи во** просториите на **Општина Центар-Скопје,** ул.„Михаил Цоков" бб, **во сала за состаноци во барака 6 на ден 18.07.2018 година (среда) во 10.00 часот.**

**Нацртот-Детален урбанистички план** Градска четврт И 03-локалитет Мирче Мацан, Општина Центар-Скопје **ќе биде повторно изложен во** просториите на **УЗ„Мирче Мацан"** (ул.„Пролет" бр.39) **секој работен ден од 08-16 часот од 09.07.2018** година **до 20.07.2018** година

**Соопштението** за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено во** дневните весници **„Вечер" и „Слободен печат". Соопштението, нацрт – планот и анкетниот лист ќе бидат објавени на** веб страната на Општина Центар-Скопје (**www.centar.gov.mk**).

Контакт: planiranje@centar.gov.mk, 3203 605 и 3203 660.Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставуваат забелешки, предлози и мислења на анкетнлистови.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**



ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk